# Кодекс на однесување на Групацијата DRÄXLMAIER



WE CREATE CHARACTER

Internal: All rights reserved. Distribution within DRÄXLMAIER Group, customer and partners

# Кодекс на однесување

## Преамбула

Ние сме убедени дека нашиот долгорочен успех се темели на довербата која ни ја даваат нашите клиенти за нашите компетенции, иновативност и одржливост, а особено за нашиот интегритет. Оваа доверба се отсликува во угледот кој го ужива нашата компанија со декади наназад. Тој, пак, убедливо зависи од посветеноста на сите наши вработени кон вредностите и целите на компанијата и однесувањето според истите во своите соодветни области на одговорност. Ние очекуваме од сите вработени на Групацијата DRÄXLMAIER да ги почитуваат сите правни одредби и директиви на корпоративно ниво кои се применуваат во моментов, да ги живеат нашите корпоративни вредности и да ги почитуваат културите на секоја од земјите во кои се одвива работата. Особено нагласуваме дека од сите вработени лица од раководството, се бара да ја извршуваат својата работа на лидери, но истовремено да делуваат и како позитивен пример. Ние сме безусловно посветени на однесување кое подразбира почитување на правните одредби и одговорно однесување.

Овој **Кодекс на однесување** е заснован на нашата визија и на нашите корпоративни вредности. Кодексот обезбедува краток увид во корпоративната култура на Групацијата DRÄXLMAIER, а неговото почитување е обврзувачко и за сите раководни лица и за сите вработени. Тој ги содржи основните аспекти на нашите политики и го претставува посакуваното однесување на вработените и надворешно заинтересираните страни како на пример: добавувачите, клиентите, апликантите и важните невладини организации. Сите дополнителни информации можат да се најдат во соодветните политики на Групацијата.

## Содржина

**Луѓе/вработени:**

### Социјална политика

Основните вредности на социјалната одговорност, како на пример погледот кон светот без никакви предрасуди и толернацијата кон сите народи, култури и религии се нашите главни насоки според кои се раководиме и се движиме напред.

Ние сме убедени дека успехот на Групацијата DRÄXLMAIER подеднакво се заснова на социјалната одговорност и на нашата компанија и на нашите вработени. Кон сите вработени во Групацијата DRÄXLMAIER се однесуваме токму според овие принципи – и гарантираме дека е така! Сите вработени се однесуваат според овие начела – ова вистински го очекуваме!

Социјалните вредности врз основа на кои делуваме во нашето секојдневие се втемелени во нашата Социјална политика.

### Политика за лидерство и раководење

Нашите раководни лица имаат улога која е изразена преку интегритет, посветеност и страст и вредности кои одговараат на нашите корпоративни вредности. Раководните лица преземаат одговорност во согласност со корпоративните цели и донесуваат одлуки кои ќе бидат долгорочно важечки и на тој начин го обезбедуваат одржливиот успех и независноста на Групацијата DRÄXLMAIER. Тие ја промовираат својата лична иницијатива и насоченост кон резултатите, овозможувајќи им на вработените лица во нивните тимови развој во компанијата. Посебниот начин на однесување кој се очекува од нашето раководство е дел од нашата Политика за лидерство и раководење.

### Политика за корпоративно однесување

Вредностите на Групацијата DRÄXLMAIER ја поставуваат рамката на нашата корпоративна култура и посакуваното однесување на вработените лица. Нашите вработени постојано имаат клучна улога во обликувањето на нашата внатрешна култура. Тие, исто така, се карактеристика за надворешната перцепција и ја претставуваат Групацијата DRÄXLMAIER.

Начинот на кој вработените лица ги живеат нашата корпоративна култура и вредности и специфичното однесување кое се очекува од нив, се јасно наведени во Глобалната политика за корпоративно однесување.

### Политика за БЗР: Безбедност и здравје при работа

Ние ги почитуваме важечките закони и стандарди за здравје и безбедности при работењето. Делуваме одговорно и во согласност со нашите сопствени правила, кои понекогаш се издигнати на повисоко ниво од законските одредби. Постапувајќи на овој начин, ние ги почитуваме најмодерните правила и стандарди.


Internal: All rights reserved. Distribution within DRÄXLMAIER Group, customer and partners

# Кодекс на однесување

**Заштита на животната средина**

Политика за БЗР: Заштита на животната средина
Од нашите вработени очекуваме грижливо и внимателно ракување со ресурсите и суровините кои ги имаме на располагање. Ние активно трагаме по потенцијали за заштеда и намалување на отпадот. Нашето работење го усогласуваме со законските барања за заштита на животната средина.

Политика за БЗР: Користење и потрошувачка на електричната енергија
Ние сме посветени на преземањето мерки кои ја подобруваат нашата енергетска ефикасност и ја намалуваат потрошувачката на електрична енергија. Од сите наши вработени очекуваме да ја поддржат примената на мерките за заштеда на електрична енергија. Ние се придржуваме до соодветните закони и важечките регулативи.

**Економија**

Политика за праведна (фер) конкуренција
Групацијата DRÄXLMAIER делува во согласност со принципите за праведна (фер) конкуренција во остварувањето на своите деловни активности. Ова особено го вклучува фактот дека и раководните и вработените лица на Групацијата DRÄXLMAIER ги почитуваат националните и меѓународните закони и регулативи кои се однесуваат на анти-монополскиот закон како и на неправедната конкуренција и се однесуваат соодветно на прифатеното трговско работење. Склучувањето на договори или практиките за здружување мора да се изостават при работењето. Ова особено се однесува на одредени цени, компонентите кои ја одредуваат цената и други деловни услови, распределба на одредени пазари, клиенти или територија, деловни можности, нарачки и добивање на нарачки, капацитети, обем на производството и квоти, корпоративни стратегии и однесувањето на пазарот во иднина, стратегиите за продажба, актуелниот и идниот развој на производите, инвестициите, бојкоти, понуди и тендери и односот во врска со тендерите или поднесувањето на лажни понуди. Доколку деловните партнери или конкурентите им пристапуваат на вработените лица или на членовите на раководството, така што ќе поттикнат однесување кое е спротивно на овие начела, тогаш одговорните лица од одделите за регулаторно усогласување мора веднаш да бидат информирани.

Добавувачите се ангажираат врз основа на јасни критериуми кои служат за исполнување на целта. Неоснованите причини не смеат да имаат никаква улога во однос на процесот на избирање.

Политика за спречување на корупција/ подмитување/изнудување
Групацијата DRÄXLMAIER не толерира ниту една форма на корумпираност во своите деловни активности. Ова особено значи дека придобивки или било каков вид на придонеси не треба да им се понудуваат или да им се доделуваат на вработените лица од страна на јавните органи на власта, работничките здруженија и деловните партнери со цел нивно придобивање за изведување на нелегални или неправедни дејства. Раководството и сите вработени на Групацијата DRÄXLMAIER ги донесуваатсвоите деловни одлуки единствено во интерес на корпорацијата и се однесуваат во согласност со таквите одлуки. Личните причини, личните врски или личните придобивки не смеат да влијаат во донесувањето одлуки и при преземањето дејства.

Политика за осигурување на квалитет
Ние сме компетентен партнер во автомобилската индустрија, ги разбираме барањата на пазарот и преку процесите ги применуваме истите за нашите Производители на Оригинална Опрема (OEMs). Во ерата на зголемена дигитализација, ние создаваме иновативни идеи и благовремено ги применуваме за потребите на нашите клиенти. Доследно се придржуваме кон нашите глобално-применливи стандарди и продолжуваме да ги развиваме нашите извонредни процеси во секој аспект на организацијата. Преку препознавањето на потребите за различност и преку постојаното набљудување на пазарот, ние го зголемуваме задоволството на нашите клиенти, а истовремено и нашиот корпоративен успех. Освен ова, ние бараме и од нашите партнери и од нашите добавувачи да ги почитуваат стандардите за квалитет поставени од нашите клиенти.

Политика за ризик
Корпоративните цели на Групацијата DRÄXLMAIER се предмет на внатрешни и надворешни влијанија и затоа претрпуваат промени со тек на времето. Ваквите промени доведуваат до отстапки од планираните и стратешки ориентирани кон иднината вредности, како и вредностите кои се однесуваат на целите за оперативно работење. Ризикот се дефинира како непожелна и негативна отстапка од зададената цел, додека пак можноста се дефинира како позитивна отстапка од зададената цел. Управувањето со ризик го опишува процесот на идентификација, проценување и соопштување на ризикот, проследено со координирана и економична употреба на ресурсите за намалување на појавата и влијанието на несаканите настани, но и за зголемување на можностите.

Aus Gründen der besseren Lesbarkeit wird auf die gleichzeitige Verwendung männlicher, weiblicher und diverser Sprachformen verzichtet.
Sämtliche Personenbezeichnungen gelten für alle Geschlechter.
Internal: All rights reserved. Distribution within DRÄXLMAIER Group, customer and partners

# Кодекс на однесување

[Корпоративна политика за обезбедување]
Основната цел на Корпоративното Обезбедување е да ја заштити компанијата и своите вработени од закани. Концептот за заштита на компанијата се заснова на заштитата на лица, информации, производи и стекнатите вредности. Понатаму, Корпоративното Обезбедување претставува составен дел од справувањето со итните случаи и управувањето со кризни ситуации во рамките на организацијата и ја подготвува компанијата за ваквите сценарија на најдобар можен начин. Заедно со вработените на регионално ниво и на ниво на самата локација, Централното Корпоративно Обезбедување со седиште во Вилзбибург, обезбедува поддршка овие опсежни и различни задачи да можат доследно да се применуваатат на сите локации ширум светот. Активностите на Корпоративното Обезбедување се засноваат на вредностите за одговорност, доверба и доверливост. Ние сме убедени дека во нашата улога како сигурен партнер, овие вредности ќе ни овозможат да ја зачуваме безбедноста на нашите вработени и економскиот успех на компанијата.

**Податоци/Информации**

[Политика за заштита на податоците]
Ние поставуваме високи стандарди не само како глобален добавувач во премиум сегментот од автомобилската индустрија, туку и во придржувањето кон различните меѓународни закони за заштита на податоците. Во оваа насока, од голема важност за нас е да воспоставиме еднообразни и глобално важечки стандарди во управувањето со личните податоци.

[Политика за безбедност на информациите]
Одговорното управување со информациите на компанијата, како и со информациите добиени од страна на клиентите, деловните партнери и вработените лица е составен дел од нашето секојдневно делување. Ние соодветно ги заштитуваме сите информации, ја земаме предвид нивната вредност и ги одржуваме целите за безбедност на информациите, доверливост, интегритет и достапност на информациите. Ние посветуваме посебно внимание на заштитата на интелектуалната сопственост на Групацијата DRÄXLMAIER, како и на интелектуалната сопственост на нашите клиенти против неовластен пристап и на тој начин ги почитуваме вредностите на нашите клиенти. Ние ги осигуруваме нашите способности за испорака преку обезбедување на нашите системи за информатичка технологија против прекини во работењето, напади и злоупотреба.

Иновативноста и безбедноста на информациите се неразделни компоненти во работењето на Групацијата DRÄXLMAIER.

**Управување со сомнителни случаи и канали за известување**
Придржувањето кон законските регулативи, политики и директиви има најголем приоритет, а ова истовремено се однесува и на почитувањето на стандардите кои се доброволно поставени од наша страна. Прекршувањето на овие правила сериозно може да му наштети на угледот на Групацијата DRÄXLMAIER. Поради тоа, ние го задржуваме правото за отпочнување на постапки за санкционирање според Законот за работни односи во случаите кога има намерно непридржување кон важечките закони и директиви.

Вработените кои ќе дознаат или ќе добијат информации за прекршување на законот можат веднаш да го пријават ова до нивниот претпоставен, Правниот оддел или Канцеларијата за усогласеност.

До Канцеларијата за усогласеност може да се дојде преку следните канали за известување:
е-пошта: compliance-office@draexlmaier.com
Телефон: +49 1737547563

Дополнително, DRÄXLMAIER Integrity Line http://draexlmaier.integrityline.com како систем за известување базиран на интернет е достапен 24 часа на ден насекаде ширум светот и за вработените во Групацијата DRÄXLMAIER, но и за трети лица, кои можат да поднесат извештај таму на неколку јазици и тоа анонимно.

*) Поради полесно читање и разбирливост на текстот, не направивме разлика помеѓу женски и машки пол и другите различни јазични форми. Сите поими кои се однесуваат на лица, ќе се применуваат и за двата пола.

**Верзија од:** јуни 2023 година

**Fritz Dräxlmaier**
*Chairman of the Board*

**Stefan Brandl**
*Vice-Chairman und CEO*

**Jan Reblin**
*CEO*

Aus Gründen der besseren Lesbarkeit wird auf die gleichzeitige Verwendung männlicher, weiblicher und diverser Sprachformen verzichtet. Sämtliche Personenbezeichnungen gelten für alle Geschlechter.

Internal: All rights reserved. Distribution within DRÄXLMAIER Group, customer and partners

WE CREATE CHARACTER